...



# Статистичко истражување за пресметка на додадената вредност, инвестициите во основни средства и средствата и обврските за нефинансиските деловни субјекти

## МС_ДВ.КВ.ИН_Q_МК_2022_4

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |

Државен завод за статистика

| | |
|---|---|
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |

Одделение за квартална пресметка на БДП и пресметка на БДП по постојани цени

| | |
|---|---|
| **1.3** | **Лице за контакт** |

Ленче Неданоска

| | |
|---|---|
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |

Раководител на одделение

| | |
|---|---|
| **1.5** | **Поштенска адреса** |

ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| **1.6** | **Електронска адреса** |

lence.nedanoska@stat.gov.mk

| | |
|---|---|
| **1.7** | **Телефонски број** |

003892 295783

| | |
|---|---|
| **1.8** | **Факс** |

0038923111336

| | |
|---|---|
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |

11/11/2014

| | |
|---|---|
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |

11/11/2015

| 2.3 | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
|---|---|
| 25/01/2023 | |
| **3** | **Статистичка презентација** |
| | |
| **3.1** | **Опис на податоците** |
| Податоци за деловниот субјект, податоци за пресметка на додадената вредност (за тековното тримесечје), бруто- вредност на производството и меѓуфазна потрошувачка, податоци за пресметка на средствата на вработените, просечен број на вработени и состојба на залихите. Податоци за пресметка на вредноста на инвестициите во основни средства.<br><br>Со прашалникот се прибираат податоци за потребите на статистиката на НБРСМ. Податоци за средства и обврски по заеми и кредити дадени и земени од нефинансиски претпријатија, останати средства и обврски  како и вкупни финансиски средства и обврски. | |
| **3.2** | **Систем на класификации** |
| НКД-Национална класификација на дејностите Рев.2 | |
| **3.3** | **Опфат на сектор/и** |
| Комбиниран примерок (25 вработени и повеќе, и деловни субјекти со број на вработени до 24, но со бруто вредност на производство над 30000000 денари (500000 евра) каде како извештајни единици(единици на набљудување) се правни лица-нефинансиски деловни субјекти. | |
| **3.4** | **Статистички концепти и дефиниции** |
| "Пресметка на додадена вредност, меѓуфазна потрошувачка, бруто-вредност на производството, средства на вработените, просечен број на вработени и состојба на залихите за тековното тримесечје, како и пресметка на вредноста на инвестициите во основни средства исто така за тековното тримесечје. Средствата и обврските се усогласени според: Европски систем на сметки ЕСС95, ЕСС 2010; Систем на национални сметки СНС93, СНС2008; Регулатива(ЕЗ) бр.2223/96 на Советот на Европа од 25 јуни 1996 година; Прирачник ""Тримесечни национални сметки"" на ММФ; Прирачници на Евростат." | |
| **3.5** | **Статистичка единица** |
| Нефинансиски деловни субјекти според Националната класификација на институционални сектори (КИС) и Национална класификација на дејностите (НКД) Рев.2. | |
| **3.6** | **Статистичка популација** |
| Единици на набљудување(извештајни единици) се нефинансиските деловни субјекти според НКД Рев.2. Извештајните единици се избрани во Комбиниран примерок (со 25 и над 25 вработени и број на вработени до 24 а со бруто вредност на производство над 30000000 денари (500000 евра) на годишно ниво. | |
| **3.7** | **Референтна област** |
| Република Северна Македонија | |

| 3.8 | Временска покриеност |
|---|---|
| 0 | |
| **3.9** | **Базен период** |
| Основен период за прибирање на податоци е тековното тримесечје од годината. | |
| **4** | **Единица на мерење** |
| Податоците се изразени во илјади денари. | |
| **5** | **Референтен период** |
| Тековно тримесечје од годината. | |
| **6** | **Институционален мандат** |
| | |
| **6.1** | **Законски акти и други договори** |
| Национални: Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18) и Програма за статистички истражувања 2018-2022 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/13, 24/14, 13/15 и 22/18).<br><br>"Европски систем на сметки ЕСС95, ЕСС 2010; Систем на национални сметки СНС93, СНС2008; Регулатива(ЕЗ) бр.2223/96 на Советот на Европа од 25 јуни 1996 година; Регулатива(ЕЗ) бр.1500/2000 на Европската комисија; Регулатива(ЕЗ) бр.1267/2003 на Европскиот парламент и на Советот на Европа; Регулатива(ЕЗ) бр.400/2009 на Европскиот парламент и на Советот на Европа. | |
| **6.2** | **Споделување на податоци** |
| Податоците од ова истражување се користат како импут за пресметка на БДП според производниот метод на тримесечно ниво. | |
| **7** | **Доверливост** |
| | |
| **7.1** | **Доверливост - политика** |
| Податоците што се прибираат со ова статистичко истражување претставуваат индивидуални податоци кои се заштитени со Законот за државна статистика ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, и 220/18) од каде произлегува обврската за нивна заштита при прибирањето, обработката, објавувањето, складирањето на податоците како и нивно уништување во пропишаните рокови." | |
| **7.2** | **Доверливост - третирање на податоците** |
| Податоците прибрани од истражувањето се доверливи и се користат исклучиво за внатрешна употреба (импут за пресметка на БДП според производниот метод на тримесечно ниво). | |

| 8 | Политика за објавување |
|---|---|
| | |
| **8.1** | **Календар на објавување** |
| Податоците од истражувањето се користат како импут за пресметките на Бруто-домашниот производ според производниот метод на тримесечно ниво. Од тие причини истите не се наведени во Календарот на навременост што се објавува на веб страната на Државниот завод за статистика. | |
| **8.2** | **Пристап до Календарот на објавување** |
| Податоците од истражувањето за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства бидејќи се користат како импут за пресметките на Бруто-домашниот производ според производниот метод на тримесечно ниво не се објавуваат во Календарот на навременост што се објавува на веб страната на Државниот завод за статистика http://www.stat.gov.mk/Kalendar_nov.aspx . | |
| **8.3** | **Кориснички пристап** |
| Податоците од истражувањето за додадена вредност и инвестициите во основни средства се користат како импут за пресметките на Бруто-домашниот производ според производниот метод на тримесечно ниво и истите не се наменети за надворешна употреба за надворешните корисници. | |
| **9** | **Фреквенција на дисеминација** |
| Кварталните податоци од ова истражување не се објавуваат. | |
| **10** | **Достапност и јасност** |
| | |
| **10.1** | **Соопштенија** |
| Кварталните податоци од ова истражување не се објавуваат. | |
| **10.2** | **Публикации** |
| Кварталните податоци од ова истражување не се објавуваат. | |
| **10.3** | **Онлајн база на податоци** |
| Кварталните податоци од ова истражување не се објавуваат. | |
| **10.4** | **Пристап до микроподатоци** |
| Кварталните податоци од ова истражување не се објавуваат. | |
| **10.5** | **Друго** |
| Кварталните податоци од ова истражување не се објавуваат. | |
| **10.6** | **Документација за методологијата** |
| На интернет страната во доменот на бруто домашен производ има линк за методолошки објаснувања за главните агрегати. | |

| 10.7 | Документација за квалитетот |
|---|---|

Истражувањето за пресметка на додадената вредност и инвестиции во основни средства е истражување од кое податоците се користат во повеќе аналитички истражувања (Пресметка на Бруто-домашниот производ според производниот метод по тековни цени, Пресметка на Бруто-домашниот производ според производниот метод по постојани цени) при што квалитетот на истражувањето би требало да се мери преку квалитетот на истражувањата кои ги користат овие податоци. Од тие причини квалитетот на ова истражување не се мери и документира.

| 11 | Управување со квалитет |
|---|---|

| 11.1 | Обезбедување на квалитетот |
|---|---|

Податоците од тримесечното истражување за пресметка на додадената вредност и инвестиции во основни средства е истражување од кое податоците се користат како импут за пресметка на индикатори кои се дел од повеќе аналитички истражувања. Квалитетот, точноста на овие индикатори се мери преку споредување на истите со годишните по завршувањето на тековната година. Со цел да се осигура квалитетот на податоците, со други зборови да се минимизираат разликите помеѓу тимесечните и годишните податоци како инструмент се користи математичко-логичка контрола преку која се овозможува да се анулираат грешките уште при првиот чекор на собирањето на податоците. Исто така се врши импутација на податоците од тековното тримесеција врз основа на годишнитте податоци од претходната година. Еден од чекорите за да се осигураат подобри тековни тримесечни податоци е и согледување на движењето на пресметаните категотии од тримесечното истражување од претходната година со тековното движење на истите податоци во тековното тримесечје. Поточно се врши споредување, проценка и импутирање на податоците во тековното тримесечје доколку за истото не се располага со податок или пак и доколку има податок проверка за точноста на истиот преку дополнителен контакт со извештајните единици.

| 11.2 | Оценка на квалитетот |
|---|---|

Проценка на стандарните критериуми за квалитет на тримесечното истражување не се врши од причина што квалитетот на самото истражување се мери преку квалитетот на други аналитички истражувања во кои податоците на ова тримесечното истражување за додадена вредност и инвестициите во основни средства се користат како импут за пресметка на соодветни индикатори за понатамошни пресметки.

| 12 | Релевантност |
|---|---|

| 12.1 | Потреби на корисниците |
|---|---|

Податоците од тримесечното истражување за пресметка на додадена вредност и инвестициите во основни средства се користат исклучиво за внатрешна употреба како импут на други пресметки при што корисници се само стручните одделенија при Државниот завод за статистика и Дирекцијата за статистика при НБРСМ.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Задоволството на корисниците не се мери од причина што податоците од тримесечното истражување за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства не се дисеминираат и се користат само во стручните одделенија при Државниот завод за статистика.

## 12.3 Комплетност

"Пресметаните категории од податоците прибрани од тримесечното истражување за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства се во соогласност со Европски систем на сметки ЕСС95, ЕСС 2010; Систем на национални сметки СНС93, СНС2008; Регулатива(ЕЗ) бр.2223/96 на Советот на Европа од 25 јуни 1996 година; Прирачник ""Тримесечни национални сметки"" на ММФ; Прирачници на Евростат."

# 13 Точност и веродостојност

## 13.1 Севкупна точност

Не се мери точноста на податоците преку мерење на случајна грешка, систематска грашка или пак квалитативна проценка.

## 13.2 Примерочни грешки

Не се мерат примерочните грешки преку употреба на пристрасни и непристрасни есиматори или пак преку коефициент на варијација.

## 13.3 Непримерочни грешки

Грешките при опфатот, поточно колкав дел од извештајните единици се помалку опфатени отколку што треба или пак колкав дел од истите се повеќе офатени од потребното се мерат преку споредување на податоците од стручното одделени кое го спроведува истражувањето(пр. промет, вработени) со податоците од другите стручни одделенија при Државниот завод за статистика. Грешките при мерење се настојува да се сведат на незабележително ниво преку навремено тестирање на прашалникот, како и континуирана обука на деловните субјекти со постојан телефонски контакт. Грешките при обработка исто така се сведени на минимум преку извршената автоматска пресметка на одредени категории од податоците кои се прибираат од тримесечниот извештај за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства (математичка-логичка контрола). Грешките при неодговор се настојува да се намалат со импутација на податоците од тековното тримесечја врз основа на годишнитте податоци од претходната година поточно се врши согледување на движењето на пресметаните категотии од тримесечното истражување од претходната година и нивно бенчмаркирање со годишните податоци од истата година а потоа се врши импутација на податокот во тековното тримесечје (доколку нема одговор) согласно со движењата од претходната година. Поточно се врши споредување, проценка и импутирање на податоците во тековното тримесечје доколку за истото не се располага со податок. Грешките при неодговор можат да се намалат и со спроведување на Законот за државна статистика во кој се определени и соодветни парични казни во зависност од видот на недоговор.

| 14 | **Навременост и точност** |
|---|---|
| | |
| **14.1** | **Навременост** |

Податоците од тримесечното исстражување за додадена вредност и инвестициите во основни средства се обработуваат соогласно со годишната програма за статистички истражувања и истите бидејќи се користат како импут за пресметки во други аналитички истажувања. Овие податоци не се дисеминираат (објавуваат во јавност).

| **14.2** | **Точност** |
|---|---|

Податоците од тримесечниот извештај за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства не се дисеминираат (објавуваат во јавност).

| **15** | **Кохерентност и споредливост** |
|---|---|
| | |
| **15.1** | **Географска споредливост** |

Република Северна Македонија

| **15.2** | **Временска споредливост** |
|---|---|

Пресметаните категории од податоците прибрани од тримесечното истражување за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства се пресметуваат од 2000 година и како такви се споредливи во целата временска серија.

| **15.3** | **Меѓудоменска кохерентност** |
|---|---|

Одредени категории, варијабли од тримесечното истражување за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства и покрај тоа што имаат различна методологија се споредуваат според НКД рев.1 и НКД Рев.2 со податоците од останатите стручни одделенија - деловни статистики при Државниот завод за статистика. Овие податоци се споредуваат на тој начин што прво се разгледува нивната методологија и пред да се споредат се гледа да се направи сведување на методолошките разлики (земање на само еден дел од податоците варијаблите од стручните одделенија или пак спојување на податоците од повеќе варијабли во една) на највисоко ниво на споредливост со цел да се изврши проверка на веродостојноста , точноста на прибраните податоци од ова истражување со останатите истражувања.

| **15.4** | **Внатрешна кохерентност** |
|---|---|

Пресметаните категории, варијабли од тековното тримесечно истражување за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства како претходни податоци потребни за понатамошна анализа и обработка, на крајот од годината се споредуваат со податоците од завршните сметки како дефинитивни годишни податоци со цел да се согледа можноста и начинот за елиминирање на грешките со кои разликите од оваа споредливост би се приближила на минимално ниво.

| **16** | **Трошок и оптовареност** |
|---|---|

Оптовареноста на давателите на податоци(извештајните единици) во функција на потрошеното време во текот на годината за пополнување на тримесечниот извештај за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства се мери преку самиот извештај, каде како посебно прашање е наведено во образецот. Оптовареноста и големината на потребното време е во корелација со големината на извештајната едница (поголема извештајна единица со поголем број на вработени, приход, трошоци побарува и подолго време за пополнување на прашалникот). Со цел да се намали ова време секоја година се прави напор одредени варијабли, категории во образецот кои можат автоматски да се пресметаат или проценат да се отстранат од образецот (варијаблите-категориите кои се потребни за пресметка на потребните изведени категории да се проценат според нивното учество во завршните сметки од претходната година за истите изведени категории).

## 17 Ревизија на податоците

### 17.1 Политика за ревизија на податоците

### 17.2 Практика за ревизија на податоците

## 18 Статистичка обработка

### 18.1 Извори на податоци

Извор на податоци се обработените податоци од Тримесечниот извештај за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства за нефинансиските деловни субјекти (Образец ДВ.КВ.ИН). При прибирање на податоците се користи извештајниот метод. Извештајните единици доставуваат тримесечен извештај за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства до Државниот завод за статистика во одреден рок, врз основа на Програмата за статистички истражувања во Република Македонија за определена година. Извори на податоци се книговодствената и кадровската евиденција како и документацијата со која располага извештајната единица. Прибирањето на податоците се врши на база на примерок. Типот на примерок е комбиниран. Критериум за избор на извештајните едници е бројот на вработени (25 и над 25 вработени и бруто вредност на производство над 30000000 денари (500000 евра) на годишно ниво).

### 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Тримесечно ниво

### 18.3 Прибирање на податоците

При приемот на обрасците (во E-Stat) се евидентираат, контролираат и превземаат во апликацијата (во Access). Со апликацијата се спроведуваат дополнителни контроли според дефинираните правила за валидација. Во случај да има грешки и/или нелогичности се контактираат давателите на податоците.

### 18.4 Проверка на податоците

Проверката на податоците се врши во Државниот завод за статистика. За проверка на податоците од истражувањето, стручното одделение при Државниот завод за статистика

изработува соодветна математичко-логичка контрола.

| 18.5 | Компилирање податоци |
|---|---|

Податоците од тримесечниот извештај на додадената вредност и инвестициите во основни средства се прибираат според НКД Рев.2 во илјади денари. Овие податоци се собираат во соодветни категории и тоа: додадена вредност, меѓуфазна потрошувачка, бруто-вредност на производството, средства на вработените, просечен број на вработени, состојба на залихите како и пресметка на вредноста на инвестициите во основни средства. Кај одредени извештајни единици кои во одредени тримесечја немаат доставено податоци се врши импутација на податоци за оние тримесечја за кои нема податок врз основа на Годишните завршни сметки од претходната година.

| 18.6 | Прилагодување |
|---|---|

| 19 | Коментар |
|---|---|

| А.1 | Анекси |
|---|---|